**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403-48/1**
**Скопје, 11.01.2008 година**

**ДО**

**ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР“ НЕГОТИНО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Општинско основно училиште „Страшо Пинџур“ Неготино ( ООУ„Страшо Пинџур„ Неготино), Сметка на основен буџет (603), за 2006 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката на основен буџет (603) на ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Сашо Ѓорѓиев, директор на ООУ „Страшо Пинџур“, Неготино, од 01.01.2006 до 11.12.2006 година, и
- Александра Балкански, в.д. директор на ООУ „Страшо Пинџур“, Неготино, од 11.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 26.09.2007 до 30.09.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10. 1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Бидејќи начинот на организирање на сметководствената евиденција (рачна евиденција) не ги обезбедува потребните податоци, правниот субјект бил должен да воведе помошни книги за влезни, излезни фактури, книга на основни средства и ситен инвентар согласно член 8 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 7 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Документацијата која ја прима училиштето не се евидентира во деловодник и нема приемен штембил.
Непочитувањето на законските одредби придонесува до зголемување на ризикот за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Да се воведат помошните книги согласно одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**10. 2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Промените кои се евидентираат во сметководствената евиденција на ООУ „Страшо Пинџур“-Неготино се врши по принципот на пресметковно евидентирање. Ваквиот начин на евидентирање на промените е спротивен на принципот на парично искажување на промените предвиден во Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Искажувањето на промените спротивно на споменатиот Закон предизвикува погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Да се изврши усогласување на состојбените сметки со ефектите од паричниот принцип на евидентирање на промените во сметководствената евиденција.

10.2.2. Комисијата за попис нема изготвено извештај за извршен попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските, не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба, согласно одредбите на член 33 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непостапувањето

согласно законската регулатива во делот на спроведување на пописот има за ефект нецелосно спроведување на истиот, што влијае на реалното проценување на средствата, нивните извори и обврските на ден 31.12.2006 година.

**Препорака:**

Директорот на училиштето како одговорно лице да создаде услови пописот да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.2.3. Евидентирањето на набавките и давањето во употреба на ситниот инвентар не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради тоа што при набавката на ситниот инвентар не се врши зголемување на деловниот фонд, а при давање во употреба не се евидентира на исправка на вредноста на ситниот инвентар и не се евидентира намалување на деловниот фонд.

Неприменувањето на законската регулатива придонесува да се нема увид во состојбата на залихите на ситен инвентар и ситен инвентар во употреба, како и да се нема политика за евидентирање на истиот.

**Препорака:**

Надлежните служби да утврдаат соодветна сметководствена политика за евидентирање на ситниот инвентар и истата доследно да ја применуваат во целиот пресметковен период.

**10. 3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на проценетата вредност на позицијата Материјални средства која во Билансот на состојба е проценета во износ од 10.527 илјади денари. Ова е поради следниве причини:

- На ревизијата не и беа презентирани податоци-пописни листи, аналитички картици од кои ќе може да се потврди вредноста на Материјалните средства.
- Спроведениот попис на основни средства содржи податоци за количината на опремата по видови, без да биде искажана нивната набавна вредност, нивната акумулирана амортизација до 31.12.2005, пресметаната исправка за 2006 г, како и сегашната вредност, кои податоци се предвидени во обрасците за вршење на пописот (пописни листи).
- Исправката на вредност на опремата за 2006 година е утврдена со примена на стапка од 20% на вкупната вредност на Опремата поради неможноста да се применат стапките предвидени во Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, а поради слабостите искажани во алинеите 1 и 2.

Како ефект од овие неправилности, нереално е проценета и позицијата Извори на средства.

Овие состојби се должат на фактот што по укинувањето на работното место сметководител се до 2006 година, училиштето не обезбедило сметководствени услуги од фирма или стручно лице кое ќе ги пружи овие услуги во склад со промените во законската регулатива од сферата на сметководството за буџетските корисници, ниту пак во годината која е предмет на ревизија овие слабости се надминати.

**Препорака:**

Надлежните лица во ООУ „Страшо Пинџур“, Неготино се должни:

- да воведат инвентарни броеви на материјалните средства поради полесно спроведување на пописот;
- да превземат мерки за утврдување на подинечната вредност на опремата за која постои документација за набавка, а за преостаната да се формира комисија за проценување на нејзината вредност;
- да извршат консолидирање на сите материјални средства на сметката за наменски дотации, без разлика од каде се набавени.

10.3.2. Ставката Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените во Билансот на состојба со состојба на 31.12.2006 година се помалку искажани во износ од 1.322 иљади денари за непресметани и неисплатени плати, персонален данок од плати и придонесите за вработените во училиштето за месец декември, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Непочитувањето на законските обврски придонесува за погрешно проценување на билансните позиции и погрешно прикажување на финансиските извештаи.
Ревизијата не дава препорака за овој наод од причина што оваа плата е исплата во месец јануари 2007 година.

**10. 4. Ненаменско и незаконско користење на средствата**
**Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

10.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2006 година од страна на комисијата за јавни набавки на ООУ „Страшо Пинџур“, Неготино, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- ООУ „Страшо Пинџур“, Неготино нема донесено план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година, спротивно на член 11 од Законот;
- Членовите на комисијата за јавни набавки во постапката за јавни набавки, по отварањето на понудите не поднесуваат изјава во писмена форма за постоење или непостоење на конфликт на интереси, согласно член 21 од Законот;
- При евалуација на понудите не се применува Методологијата за изразување на критериумите во бодови, спротивно на член 50 од Законот.
- ООУ „Страшо Пинџур“, Неготино не води евиденција на набавките од мала вредност;
- Одлуката за набавка од мала вредност не ги содржи потребните елементи (не се наведуваат количините на производи (стоки), услуги и работи кои ќе се набавуваат и не се дефинираат критериумите за избор на најповолен понудувач), спротивно на член 12 од Законот.
- Извештајот од спроведената постапка за набавка од мала вредност не ги содржи потребните елементи (ранг листа на понудите), спротивно на член 53 од Законот.

Не спроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодот во точката 10.2. и 10.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Основниот буџет (603) на ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино на 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење на сметката на Основниот буџет (603) на ООУ „Страшо Пинџур“Неготино, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.


*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*

## 13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на ООУ „Страшо Пинџур“, Неготино во текот на ревизијата:

### 13.1. Корекции кај Билансот на состојба

13.1.1. Извршено е зголемување на сметката Опрема во износ од 73 илјади денари со истовремено зголемување на сметката Државен јавен капитал во истиот износ, за набавени Графоскоп Сава, проекционо платно и Микроскоп ЗБ.

13.1.2. Извршено е зголемување на сметката Исправка на вредноста на материјалните средства Опрема во износ од 5 илјади денари со истовремено намалување на сметката Деловен фонд во истиот износ, за непресметана амортизација за 2006 година за набавени Графоскоп Сава, проекционо платно и Микроскоп ЗБ.

**Скопје, 24.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино-Сметка на Основниот буџет (603)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 19,154 | 18,877 |
| **Вкупно приходи** | | **19,154** | **18,877** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 18,735 | 17,997 |
| Резерви и недефинирани расходи | - | 0 | 10 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 380 | 700 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 28 | 52 |
| Социјални бенефиции | - | 0 | 78 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **19,143** | **18,837** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 11 | 40 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **11** | **40** |
| **Вкупно расходи** | | **19,154** | **18,877** |

**ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино-Сметка на Основниот буџет (603)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.1. | 10,527 | 10,613 |
| **Вкупно постојани средства** | | **10,527** | **10,613** |
| **Вкупна актива** | | **10,527** | **10,613** |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.1. | 10,527 | 10,613 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **10,527** | **10,613** |
| **Вкупна пасива** | | **10,527** | **10,613** |


*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*
*Овластен државен ревизор*
---------------------------------------------

**ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино-Сметка на Основниот буџет (603)**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **17,216** | **-** | **17,216** |
| **Зголемување по основ на:** | **305** | **-** | **305** |
| Набавки | 232 | - | **232** |
| Исправки по укажувања од ревизија | 73 | | **73** |
| **Намалување по основ на:** | **6,994** | **-** | **6,994** |
| Отпис на капитални средства | 6,603 | | **6,603** |
| Амортизација | 386 | | **386** |
| Исправки по укажувања од ревизија | 5 | | **5** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **10,527** | **-** | **10,527** |



*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
*-------------------------------------------*